Посветеноста и одржувањето на највисоки стандарди на професионализам, постојаната потрага по иновативни решенија и прифаќањето на нови можности со цел постигнување на најдобри резултати, го издигнуваат Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје како лидер меѓу градежните компании во обезбедувањето специфични услуги во градежништвото.

Поради проширување на тимот и зголемен обем на активности, доколку сакате да бидете дел од успешниот тим на Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје, каде што ќе можете да ја остварите Вашата визија и креативност, да го примените своето знаење и да изградите успешна кариера, Ве покануваме да аплицирате на следниот оглас:

# О Г Л А С
## ЗА РАБОТНО МЕСТО

**1 (еден) дипломиран градежен инженер – конструктивна насока, за вршење работи од областа на проектирањето, во организациона единица Завод Проектирање, со следниве:**

- **Неопходни компетенции:**
  - високо образование – ВСП (Градежен факултет – конструктивна насока, со 240 или 300 ЕКТС);
  - работно искуство од најмалку 2 (две) години;
  - поседување најмалку Б овластување за проектирање во областа на градежништвото, издадено од КОАИ на Република Северна Македонија;
  - одлично познавање на англиски јазик;
  - работа со компјутери и задолжително познавање на MS Office, Internet и AutoCAD;
  - поседување возачка дозвола Б категорија.

Работниот однос се заснова на определено време, согласно потребите на Друштвото и одредбите од Законот за работните односи.

- **Конкурентска предност за работната позиција:**
  - желба за работа во средина со високи професионални барања;
  - одлични аналитички, комуникациски и организаторски способности и способност за работа со различни тимови;
  - динамичност, ефективност и ефикасност;
  - флексибилност и адаптибилност;
  - посветеност, мотивираност и иницијативност;
  - самосвесност и развиена способност за одржување високо ниво на квалитет во работењето и менаџирање конфликти;
  - самоиницијативност, подготвеност за учење и личен и професионален развој;
  - способност за решавање проблеми.

- **Ние нудиме:**
  - можност да бидете дел од голема регионална компанија со утврден имиџ во градежништвото;
  - стабилност и можност за професионален развој;
  - учество во домашни и меѓународни проекти;
  - градење успешна кариера;
  - можност за професионална надградба;
  - одлични услови за работа – атрактивна и динамична работна средина;
  - професионална обука согласно личните потенцијали и потребите на компанијата;

- мотивирачки месечен надоместок и пакет бенефиции.

Дневното работно време на работникот е од 08:00 до 16:00 часот. Неделното работно време изнесува 40 работни часа (од понеделник до петок).

Потребните документи – мотивационо писмо, CV, диплома, овластувања, потврди и друга релевантна документација – да се достават во Архивата на Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје, ул. Дрезденска бр. 52, Скопје, или преку електронска пошта на hr@gim.mk.

Телефон за контакт: 02/3091-945

Огласот трае 15 (петнаесет) дена од денот на неговото објавување.

Изборот на кандидатите ќе биде извршен согласно Законот за работните односи и интерните акти на Друштвото.

Само кандидатите кои ќе достават комплетна документација и кои ги исполнуваат бараните услови наведени во огласот ќе бидат вклучени во процесот на селекција.

**Известување за приватност на кандидатите за вработување**

| | |
|---|---|
| **Опис на процесот на обработка на лични податоци** | Селекција на кандидати за вработување во Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје |
| **Правен основ** | Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020) |
| **Контролор** | Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје (www.gim.mk) |
| **Кои лични податоци ги обработуваме и кој има пристап до нив** | Вршиме обработка на личните податоци кои ги имате наведено во Вашата лична биографија и документацијата доставена со пријавата.<br><br>Пристап до Вашите лични податоци имаат вработените и менаџерите одговорни за спроведување на процесот за избор на кандидати и Генералниот директор. |
| **Од каде ги добиваме Вашите податоци** | Преку Вашата апликација доставена во Архивата на Друштвото, преку електронска пошта на hr@gim.mk или преку kariera.mk. |
| **Зошто ги обработуваме Вашите податоци** | Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат за отворената работна позиција. |
| **Колку време ги чуваме Вашите лични биографии** | Во период од 6 (шест) месеци од денот на завршување на огласот. |
| **Право на жалба за начинот на обработка на Вашите лични податоци** | Доколку имате забелешка во однос на обработката на Вашите лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на личните податоци на e-mail адресата oficer.zlp@gim.com.mk. |